Republic of North Macedonia
Ministry of Foreign Affairs

UNITED NATIONS
NORTH MACEDONIA

## Република Северна Македонија и Обединетите нации
## Рамка за соработка за одржлив развој 2021-2025

# Заеднички работен план 2023

### 1. Контекст на земјата[1]

Заедничкиот работен план за 2023 година беше развиен во услови на тежок локален и глобален контекст полн со предизвици што ги преоптоварија институционалните капацитети и сериозно го загрозија животниот стандард на луѓето, особено на најранливите групи.

Кон крајот на 2021 година, глобалната енергетска криза и зголемените цени на храната го забавија економското заживување, што дополнително се интензивираше со случувањата во Украина. Влијанието е претежно индиректно и произлегува од силната зависност од увозот на енергија и храна, како и од силната трговска изложеност на пазарите на ЕУ. Луѓето, но и бизнисите, а особено малите и средните претпријатија, силно ги погоди инфлацијата и енергетската криза што значително ја поткопа и онака ниската конкурентност на економијата. Во 2021 година состојбата на пазарот на труд се подобри, но проблемот со невработеноста кај младите сѐуште постои. Сѐ потешко е финансирањето на буџетскиот дефицит и на социјалните трансфери, со оглед на исцрпените финансиски резерви и влошените пазари на капитал. Човечкиот капитал останува еден од клучните предизвици во економијата, со оглед на постојаниот тренд на намалување на населението потврден и со Пописот од 2021 година, како резултат на намалената стапка на репродукција и силната миграција во странство. И покрај образовните реформи коишто се во тек, резултатите од учењето како процес остануваат на ниско ниво и не се доволно усогласени со (идните) пазарни вештини. Иако постои намалување на бројот на случаи на Ковид-19, поради недостатокот на ресурси и медицински персонал, здравствениот систем продолжува да се бори со ситуацијата. Социјалната реформа и борбата против сивата економија допрва ќе дадат резултати, додека подобрување има кај правата на децата, а особено на оние со попреченост.

Со оглед на влошувањето на загадувањето на воздухот поради енергетската криза, дојде до намалување на фокусот врз климатските промени, животната средина и природните ресурси. Доминантниот фокус врз кризата, неуспешните јавни набавки за големи инвестиции во животната средина (на пр. Пречистителна станица за отпадни води Скопје, ХЕ Чебрен, позелен јавен превоз во Скопје) и засилената зависност од фосилните горива поради зголемувањето на цените на енергенсите, доведоа до помал напредок кај прашањата поврзани со животната средина. Позитивно е тоа што зголемените цени на енергенсите ги зголемуваат стимулациите за зелена транзиција, односно инвестициите во обновливите извори на енергија стануваат поатрактивни. Што се однесува пак до состојбата на трите главни езера, и понатаму постојат предизвици, при што особено е загрижувачка состојбата со Преспанското и со Дојранското Езеро, која и понатаму се влошува. Потребни се значителни инвестиции во управувањето со отпадните води и цврстиот отпад, управувањето со природните ресурси, како и поголем фокус врз рециклирањето.

Таканаречениот „француски“ предлог, што Владата и Собранието го прифатија, помогна да се надмине бугарското вето на преговарачката рамка на ЕУ со Северна Македонија. Процесот за проверка на нивото на транспонирање на правото на ЕУ започна во јули 2022 година, но преговорите со ЕУ официјално ќе се отворат дури откако земјата ќе го вклучи бугарското малцинство во преамбулата на Уставот. Во меѓувреме, предизвиците и одложувањата во процесот на пристапување кон ЕУ ја

---

[1] Засновано врз ажурирањето на Заедничката анализа на земјата (CCA) на ОН од 2022 година (2022 UN Common Country Analysis (CCA) update)

намалија поддршката што народот ја има за интеграцијата во ЕУ и ја продлабочија политичката поларизација на општеството. Иако има подобрување кај вклучувањето и учеството на засегнатите страни и на општеството во целина во креирањето политики, сепак капацитетот за спроведување, правичноста и довербата на јавноста во институциите продолжија да се намалуваат. Корупцијата и непостоењето одговорност сè уште се клучниот општествен проблем. Владата и понатаму продолжува со соработката со ОН и европските механизми за човекови права, но сепак, интеграцијата и следењето на нивните препораки останува предизвик.

Продолжија консултациите за формулирање на дваесетгодишна Национална развојна стратегија, а исто така беа започнати одредени важни реформи, како што е новата буџетска реформа, како и политиките насочени кон ранливите групи, како што се жените, младите, лицата со попреченост и Ромите. Повеќедимензионалната криза ја влоши и онака тешката работна средина за локалните самоуправи. Поради геостратешката положба на земјата, на подрутата Западен Балкан продолжија мешаните миграциски движења, па земјата стана домаќин на 22.000 бегалци од Украина. Од нив останаа само 5.900 и тие се соочуваат со тешкотии во пристапот до образование, работа и приходи. Сè уште нема решение за бездржавјанството. Постои простор за дигитален развој, имајќи предвид дека во однос на поширока регулаторна рамка, земјата има резултати што се под европскиот просек.

Во периодот што следи, од критично значење за земјата ќе биде зајакнувањето на капацитетите за управување со податоци и спроведување, засилување на ефикасната борба против корупцијата и сивата економија и осмислувањето антикризни мерки силно насочени кон потребите на најранливите лица во контекст на намаленото финансирање. Без оглед на тековните предизвици, земјата мора да ја задржи и посветеноста за стратешки инвестиции во човечкиот капитал, безбедноста на храната, климатските промени, животната средина и отпорноста на катастрофи.

## 2. За заедничкиот работен план

Заедничките работни планови (ЗРП) се годишна алатка која ја операционализира Рамката за соработка за одржлив развој на Република Северна Македонија и Обединетите нации 2021-2025 (РСОР) – клучен стратешки документ според кој се води работата на ентитетите на системот за развој на ОН во Северна Македонија.

Сите програми за земјата на ентитетите на ОН произлегуваат од РСОР и на годишно ниво се консолидираат во заеднички работни планови, по еден за секој резултат на РСОР (види подолу).

*Стратешки приоритети и резултати на РСОР*

| РСОР | Стратешки приоритет | Резултати до 2025 година |
|---|---|---|
| **Просперитет и луѓе** | **1.** Одржлив и инклузивен економски и социјален развој | **1.** Животниот стандард на луѓето во Северна Македонија е подобрен преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување генерирани од инклузивен и иновативен деловен екосистем |
| | | **2.** Луѓето во Северна Македонија имаат универзален пристап до квалитетни социјални услуги засновани врз нивните права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – вкоренети во системи што се отпорни на итни случаи. |
| **Планетарни РСОР** | **2.** Климатски активности, природни ресурси и управување со ризици од катастрофи | **3.** Луѓето во Северна Македонија имаат полза од амбициозните климатски активности, одржливо управуваните природни ресурси и добро зачуваниот биодиверзитет преку добро управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи |
| **Мировни РСОР** | **3.** Транспарентно и одговорно демократско владеење | **4.** Луѓето во Северна Македонија имаат полза од подобреното владеење на правото; политики засновани врз докази, антиципативни и родово одговорни политики; поголема социјална кохезија; и ефективно давање услуги од транспарентни, отчетни и одговорни институции |

На тој начин, со ЗРП за 2023 година се консолидираат активностите што ќе ги преземат 17 ентитети на ОН во текот на 2023 година. Четирите исходи и 19 резултати се спроведуваат преку 144 под-резултати

(збир на активности насочени кон постигнување одреден резултат) според плановите на ентитетите на ОН преку нивните тековни проекти или програми или проекти или програми кои се во развој.

Заедничкиот работен план за 2023 година беше развиен во рамки на еден партиципативен процес. На работилниците што се одржаа на крајот од ноември и почетокот на декември 2022 година, на кои учество зедоа над 120 претставници од владата, донатори и граѓанското општество се дискутираше за променливиот развоен контекст и стратешките приоритети, додека нацрт Заедничкиот работен план беше споделен со над 300 претставници на партнерските субјекти. Добиените повратни информации се вградија во ЗРП до онаа мера до која тоа беше можно. Сепак, Заедничкиот работен план е жив документ што се ажурира редовно во текот на годината, врз основа на променливиот контекст, добиената побарувачка и расположливите финансиски средства. Сите дополнителни потреби за промени и приспособувања ќе бидат преземени директно од релевантните ентитети на ОН.

### *Барања за финансирање од 2023 година*

Вкупниот проценет буџет за сите активности е 45,2 милиони американски долари, од кои веќе се обезбедени 27,7 милиони долари (61,2 %), а допрва треба да се обезбедат 17,5 милиони долари (38,8 %). Ова е првичниот проценет буџет, кој малку ќе се промени, штом се затворат сметките за 2022 година, а непотрошените буџетски средства се префрлат во работните планови за 2023 година. Вкупните износи ќе се приспособат во текот на годината, но и со прегледот на напредокот од средината на годината.




### *Преглед и следење на ЗРП*

РСОР и ЗРП се дигитализираат преку ОН ИНФО (UN INFO), онлајн платформа за планирање, следење и известување. ОН ИНФО е одраз на напорите на системот за развој на ОН да ја подобри кохерентноста, транспарентноста и отчетноста и подобро да одговори на потребите и приоритетите на земјите членки на ОН.

Алатката поттикнува поредовно следење на заедничките работни планови, со што ги насочува сите развојни активности да дадат резултати. Ова му овозможува на повисокото раководство во реално време да направи корекции на програмите или да ги префрли ресурсите. А јавноста може да добие целосна слика за активностите на системот за развој на ОН преку јавни контролни табли поврзани со веб-локациите на Тимот на Обединетите нации на државно ниво (UNCT).

## ИСХОД 1: ИНКЛУЗИВЕН ПРОСПЕРИТЕТ

| | |
|---|---|
| Соодветен исход: | До 2025 година, животниот стандард на луѓето во Северна Македонија ќе се подобри преку еднаков пристап до пристојна работа и продуктивно вработување генерирани од инклузивен и иновативен деловен екосистем. |
| Ентитетот на Обединетите нации што претседава: | Меѓународна организација на трудот (МОТ) |
| Членови на групата за резултати: | ФАО, МОТ, УНДП, UN Women, ИОМ, УНХЦР, УНЕСКО, МТУ |
| Национални партнери: | Министерство за труд и социјална политика; Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство; Министерство за образование и наука, Агенција за вработување; Фонд за иновации и технолошки развој; Синдикати; Стопански комори; Економско-социјални совети; Организации на работодавачи; Здруженија на земјоделци, Организации на производители |
| Времетраење на работниот план: | 1 година |
| Предвидени датуми за почеток/крај: | 1 јануари 2023 – 31 декември 2023 |

## РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА

*(за детални активности на ентитетите на ОН според овој исход, погледнете ја приложената Excel датотека)*

Во текот на 2023 година, ОН ќе ги продолжат своите интервенции за поддршка на животниот стандард на луѓето, преку подобрување на пристапот до квалитетно и продуктивно вработување и деловно опкружување кое ги поддржува иновациите и инклузијата.

Во таа смисла, ОН ќе го поддржат создавањето на работни места во одржливи и модерни претпријатија, првенствено мали и средни претпријатија, кои се меѓународно конкурентни и отпорни и ја поддржуваат циркуларната економија во клучните сектори на економијата, меѓу кои и креативниот и културниот сектор. За да се унапреди ова, ОН ќе работат и на зголемување на вработеноста на ранливите групи, како што се младите, лицата што тешко се вработуваат и лицата со попреченост преку создавање вистински сет на вештини, услуги за поддршка и доживотно учење.

Згора на тоа, ОН ќе работат и на подобрување на родово одговорно деловно опкружување, регулаторна рамка и социјални услуги кои го поддржуваат семејното и трансформативно вработување, приспособено на современите трендови и меѓународните стандарди на трудот, а во истовреме поставувајќи ја основата за дигитален развој. Ќе се стави фокус na безбедноста на храната во контекст на актуелната мултидимензионална криза, како и врз поддршката на продуктивното ангажирање на дијаспората во развојот на земјата. Покрај тоа, ОН ќе работат и на подобрување на регулативите и капацитетите за спроведување насочени кон подобрување на квалитетот на работните места, со фокус на здравјето и безбедноста.

За целите на поддршка на конкурентна и инклузивна рурална економија, ОН ќе продолжат да работат на вклучување на родовиот аспект во соодветните политики и ќе ги поддржуваат властите да ја унапредат консолидацијата и мобилноста на земјиштето и да го зајакнат управувањето со здравјето на животните.

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупен проценет буџет (во американски долари):*** <br> ** Вкупниот проценет буџет ги вклучува и директните програмски трошоци и индиректните трошоци за поддршка.* | | **6.356.280 $** |
| **Од кои: Финансирани** | | 5.551.279 $ |
| Нефинансирани | | 805.001 $ |
| | | Проценет буџет по исход (во американски долари) |
| По исход: | Исход 1.1. | 947.219 $ |
| | Исход 1.2. | 2.523.634 $ |
| | Исход 1.3 | 1.855.427 $ |
| | Исход 1.4 | 340.000 $ |
| | Исход 1.5 | 690.000 $ |

## ИСХОД 2: КВАЛИТЕТНИ УСЛУГИ ЗА СИТЕ

| | |
|---|---|
| Соодветен исход: | До 2025 година, луѓето во Северна Македонија ќе имаат универзален пристап до квалитетни социјални услуги засновани врз нивните права – здравствена заштита, образование и неопходна социјална и детска заштита – вкоренети во системи што се отпорни на итни случаи. |
| Ентитетот на Обединетите нации што претседава: | УНФПА (UNFPA) |
| Членови на групата за резултати: | ИОМ, УНФПА, УНХЦР, УНИЦЕФ, UN Women, СЗО |
| Национални партнери: | Министерство за здравство; Министерство за образование и наука; Министерство за труд и социјална политика; Здравствени институти, здруженија или дирекции; установи за стручна обука; Синдикат на здравствените работници; граѓанско општество; академска заедница, приватен сектор |
| Времетраење на работниот план: | 1 година |
| Предвидени датуми за почеток/ крај: | 1 јануари 2023 – 31 декември 2023 |

### РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА

*(за детални активности на ентитетите на ОН според овој исход, погледнете ја приложената Excel датотека)*

Подобрата заштита и ефикасното обезбедување на социјални услуги за сите лица кои живеат во земјата, а особено за оние коишто се запоставени, никогаш не било толку важно како во последните години. Она што почна со пандемијата КОВИД-19 и продолжи со енергетските и прехранбените кризи во текот на 2022 година, несразмерно влијае врз оние што се најранливи.

Со стивнување на КОВИД-19 пандемијата, сега забрзано може да се продолжи со реформите во системот на примарната здравствена заштита. Во 2023 година, ентитетите на ОН ќе обезбедат техничка и советодавна поддршка на Министерството за здравство заради формирање единица за анализа на политики, развивање на концизен план/стратегија за справување со клучните предизвици на здравствениот систем и развој на стратешки план за комуникација. Другите активности ќе ја вклучат Иницијативата за хипертензија на едно место за демонстрација; изработката на Мастер план за примарна здравствена заштита; континуитет на плановите за реструктуирање на ПЗЗ; обуки на работниците од примарната здравствена заштита; креирање и воведување дигитални алатки; изработката на национален план за безбедност на пациенти и Акциски план за зајакнување на Агенцијата за акредитација и квалитет на здравствените установи. Активностите коишто почнале во 2022 година, а се поврзани со зајакнување на менталното здравје во ПЗЗ ќе продолжат со мапирање на услугите за ментално здравје; политички дијалози; активности за подигање на свеста; развоен национален план за зајакнување на менталното здравје на децата и адолесцентите и промоција на наодите од студијата за Услуги засновани врз домот и заедницата (HBSC) од 2022 година.

Дополнително, ќе се подобрува здравјето на мајките и новороденчињата преку континуирана техничка поддршка за спроведување на истражувањата за перинатална смрт и за спроведување на Мастер план за перинатална нега; почнување активности за дигитализација на собирање податоци за прегледи на перинатална смрт; техничка поддршка при воведувањето анонимно разгледување на критични случаи (избегната смрт на родилки – OSRS). Ќе се овозможи подобрен пристап до услугите за сексуално и репродуктивно здравје за оние кои се најзапоставени во оддалечените области преку обезбедување мобилни гинеколошки услуги, советување за планирање на семејството, здравје на мајките, превенција од рак на грлото на матката и други основни здравствени дијагностички мерки, како и вклучување на засилена поддршка и комуникација со пошироката јавност за алатките и ресурсите што се достапни за превенција од рак на грлото на матката.

Ќе продолжат да се градат капацитетите за подобрување на надзорот, покриеноста и управувањето со вакцините, меѓу кои и со оние за КОВИД. Ќе се работи и на зајакнат надзор и мониторинг на незаразните болести, како и зајакнување на националните капацитети за воведување на училишта во системот за унапредување на здравјето.

Со соодветни ресурси, ОН ќе продолжи да ја поддржува образовната реформа, ревизијата на образовните политики и придружните програми погодни за безбедни, здрави, родово одговорни, инклузивни средини преку поддршка на развојот на наставните програми за основно и средно образование. Ќе се обезбеди поддршка за развојот и спроведувањето на сеопфатно и квалитетно градење на капацитетите на професионалците кои ги даваат услугите или се дел од процесите пред давање на услугите; и ќе го поддржува осмислувањето и спроведувањето на комуникација заснована врз докази за развојни иницијативи во областа на образованието и заштитата на децата (вклучувајќи ги лицата со хендикеп и малцинствата), како и создавање квалитетни и инклузивни алатки и ресурси за учење (и за справување со КОВИД-19), вклучувајќи дигитални ресурси, кои се

усогласени со наставните програми за предучилишно, основно и средно образование. Во 2023 година ќе се зајакне поддршката за оптимизацијата на основните училишта и подобрувањето на системот за распределба на буџетот во основното и средното образование. Ќе се продолжи со напорите да се обезбеди децата што се запоставени, вклучително и децата на бегалците и барателите на азил, да бидат вклучени во образовниот процес.

Преку активности во повеќе области ќе продолжи поддршката за спроведување на реформата за социјална заштита. Интеграцијата на привремениот престој на бегалците, мигрантите и барателите на азил ќе се поддржи преку градење капацитети за подобрено обезбедување социјални услуги, консултации и помош; подобрување на националните процедури за упатување на ранливите поединци; обезбедување правна поддршка на лицата од интерес или обезбедување поддршка во прилагодувањето на потребната легислатива.

Заштитата на децата и понатаму останува втората голема област во која се спроведуваат активности за социјална заштита на ентитетите на ОН. И оваа година ќе продолжат активностите за обмислување и давање услуги коишто ги поддржуваат родителите и старателите за да го стимулираат детскиот развој и грижата, како и да ги спречат проблемите, а кои им се достапни на сите семејства и старатели, како и поддршката за целосно спроведување на моделот за проценка за дополнителна поддршка на образовното, здравственото и полето на социјална заштита на децата и младите, врз основа на Меѓународната класификација на функционирање (МКФ). Ќе се интензивира спроведувањето на препораките од повеќедимензионалниот индекс на сиромаштија, заедно со поддршката за подобрувања на политиките, меѓу кои и подобрување на националниот статистички систем. Ќе се завршат проценките за интервенциите на УНИЦЕФ за вклучување на децата со попреченост и поддршка на социјалната реформа за да се обезбеди вреден водич за научените лекции за понатамошно изготвување програми.

Во рамките на овој исход, превенцијата од и борбата против сите форми на насилство е последната област од работата на ОН. Во регионот ќе се спроведе истражувањето за штетните нарушувања (Disrupting Harm Research) за да се разбере сексуалната експлоатација и злоупотреба на деца преку интернет и да се обезбедат докази кои ќе им помогнат на владите да ја зајакнат нивната превенција и одговор и да го ажурираат законодавството. Ќе се забрзаат активностите поврзани со родово базираното и семејното насилство – развој на програма за сторителите, мапирање на услугите за родово базираното насилство и сексуалното и репродуктивно здравје и идентификација на празнините, градење на капацитетите на давателите на услуги; развој на законодавство, поддршка на жртвите, директно или преку поддршка на ГО, како и развој на нов интегриран систем за собирање податоци.

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупен проценет буџет (во американски долари):***<br>**** Вкупниот проценет буџет ги вклучува и директните програмски трошоци и индиректните трошоци за поддршка.*** | | **4.210.846 $** |
| **Од кои: Финансирани** | | **3.134.593** $ |
| Нефинансирани | | 1.076.253 $ |
| | | Проценет буџет по исход (во американски долари) |
| По исход: | Исход 2.1 | 1.075.700 $ |
| | Исход 2.2 | 1.155.550 $ |
| | Исход 2.3 | 1.385.891 $ |
| | Исход 2.4 | 593.705 $ |

| ИСХОД 3: ЗДРАВА ЖИВОТНА СРЕДИНА | |
|---|---|
| Соодветен исход: | До 2025 година, луѓето во Северна Македонија ќе имаат полза од амбициозните климатски активности, одржливо управуваните природни ресурси и добро зачуваниот биодиверзитет преку добро управување со животната средина и заедници отпорни на катастрофи. |
| Ентитетот на Обединетите нации што претседава: | УНДП |
| Членови на групата за резултати: | ФАО, УНДП, УНЕП, УНЕЦЕ, УНОПС, УНЕСКО, УНИЦЕФ, УНИДО, СЗО, ИОМ, МТУ, УНИТАР |
| Национални партнери: | Заменик на Претседателот на Владата задолжен за економски прашања, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за образование и наука, Министерство за здравство, Министерство за економија, Министерство за финансии и Министерство за култура. Понатамошни партнери се Националната хидрометеоролошка служба, Агенцијата за поттикнување на развојот на земјоделството, Центарот за управување со кризи, агенциите за цивилна заштита, Институтот за јавно здравје, Агенцијата за храна и ветеринарство, Град Скопје, општините во скопскиот и полошкиот регион, општините околу Охридското и Преспанското Езеро и Радовиш, граѓански организации, академски институции, училишта, комерцијални банки и меѓународни организации/МФИ. |
| Времетраење на работниот план: | 1 година |
| Предвидени датуми за почеток/крај: | 1 јануари 2023 – 31 декември 2023 |

## РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА

*(за детални активности на ентитетите на ОН според овој исход, погледнете ја приложената Excel датотека)*

Во периодот 2021-2025 година, ентитетите на ОН за здрава животна средина ќе се фокусираат врз поддршка на политиките, градење капацитети и активности на заедницата за развој со ниски емисии и мултисекторска отпорност на климатските промени; одржливо и инклузивно управување со природните ресурси; превенција и одговор на заканите од загадувањето на воздухот; ефективно намалување на ризикот од катастрофи и соодветна реакција; и намалување на отпадот и ефикасно управување со отпадот.

Во врска со климатските промени (Исход 3.1), во 2023 година, ОН планираат да ја поддржат земјата во развојот и следењето на политиките (поддршка за спроведувањето на зајакнатиот Национален утврден придонес (eNDC), преку подобро координирање на клучните национални чинители и развој на конкретни предлози за проекти и мобилизација на ресурси за тие проекти; развој на Националниот план за адаптација и придружните институционални, плански и програмски аспекти[3], развој на национални планови за постепен престанок на користење на HCFC и постепено намалување на HFC), во пристапот до финансии (поволни заеми за малите и средните претпријатија и домаќинствата за обновливи извори на енергија и енергетска ефикасност преку Зелениот финансиски фонд, пристап до Зелениот климатски фонд[2] и основно финансирање за младите за моделирање иновативни решенија погодни за климата), и во мултисекторската отпорност на климатските промени (климатските промени и земјоделството: подобрена инфраструктура за наводнување и ефикасно управување со земјиштето и водните ресурси, развој на висококвалитетни податоци за донесување одлуки во контекст на климатски-паметно земјоделство и агроекологија, подобрување на отпорните семенски системи и промовирање квалитетни семиња на сорти толерантни на климата и климатските промени и образованието: интеграција на климатските промени во националните образовни политики и наставни програми).

Во однос на подобреното управување со природните ресурси (Исход 3.2) во 2023 година ОН ќе обезбеди поддршка за разновидни активности поврзани со земјиштето и шумите (различни мерки фокусирани на неутралност за деградација на земјиштето, одржливо управување со земјиштето и шумите и одржливо управување со планинските предели, вклучувајќи и развој на Стратегија за заштита на почвите, Закон за заштита на почвата и Насоки за воспоставување програма за следење на квалитетот на почвата, зајакнување на националните капацитети за одржливо управување со шумите, планинските предели и земјиштето, зачувување на биодиверзитетот во секторот земјоделство и практична примена на интегрираниот пристап кон пределот во пилот-областа во Шар Планина), водата (регион на Преспанското Езеро: нова поддршка за подобрена заштита на природата преку подобрена инфраструктура за отпад и отпадни води и позеленување

[2] Оваа активност е во фаза на развој и сè уште нема обезбедено финансирање.

на локалното земјоделство, туризмот и другите активности од приватниот сектор, зајакната прекугранична соработка и Охридското Езеро: изработка на Физибилити студија за Урбанистички план на Охридската езерска крајбрежна зона).

Во 2023 година, ќе биде проширена поддршката на ОН за намалување на загадувањето на воздухот (Исход 3.3.), со сеопфатна техничка и советодавна помош во 8 градови низ земјата кои се соочуваат со значителни проблеми со загадувањето на воздухот – Скопје, Битола, Тетово, Гостивар, Куманово, Кавадарци, Струмица и Струга. Мерките ќе се фокусираат на обезбедување почисто греење на јавните објекти, транспорт, индустрија, земјоделство и управување со отпад, како и подигање на јавната свест и зајакнување на следењето на загадувањето на воздухот. Со децата се планираат насочени активности за едукација, подигање на свеста и мобилизација за аерозагадувањето. Понатаму, ќе се анализираат меѓусебните врски помеѓу човечката мобилност и загадувањето на воздухот.

Намалувањето на ризикот од катастрофи (Исход 3.4): во 2023 година ќе продолжи поддршката на ОН за намалување на ризикот од поплави во Полошкиот регион и во сливот на реката Дрим. Планираните активности вклучуваат: обновување на коритото, стабилизирање на приоритетните свлечишта, воспоставување систем за рано предупредување и активности за подигање на јавната свест во Полог и изработка на хидролошки и хидрауличен модел за управување со ризикот од поплави, сеопфатна програма за градење капацитети, реставрација на реката Сатеска и спроведување неструктурни мерки во сливот на реката Дрим. Тука се и активностите за поголема подготвеност за итни случаи во здравството преку различни активности, како што е изработка на Физибилити студија за воспоставување Анализа и мапирање на ранливост и ризик (VRAM/STAR) во рамки на МЗ; Развивање и утврдување на трошоците на Стратешкиот национален акциски план за здравствена безбедност (НАПЗБ); градење на капацитетите на националните лаборатории и активности за комуникација со ризик. Згора на тоа, планирано е зајакнување на капацитетите за раселување на луѓето предизвикани од катастрофи и спроведување на националниот ИНФОРМ Индекс[3] за управување со ризик[3].

Отпад (Исход 3.5): Во 2023 година, ОН ќе продолжат да обезбедуваат значителна поддршка во чистењето на опасниот отпад во еколошките жаришта (Фабрички комплекс ОХИС: отпад од HCH, мал басен со отпад), подобрено управување со отпадните води и цврстиот отпад во регионот на Преспанското Езеро и во Привремените центри за прием на мигранти во Куманово и Гевгелија, како и следење на е-отпадот.

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупен проценет буџет (во американски долари):***<br>** Вкупниот проценет буџет ги вклучува и директните програмски трошоци и индиректните трошоци за поддршка.* | | **23.426.526 $** |
| **Од кои: Финансирани** | | 8.213.501 $ |
| Нефинансирани | | 15.213.025 |
| | | Проценет буџет по исход (во американски долари) |
| По исход: | Исход 3.1. | 6.820.248 $ |
| | Исход 3.2. | 6.567.478 $ |
| | Исход 3.3. | 4.371.658 $ |
| | Исход 3.4. | 3.007.842 $ |
| | Исход 3.5. | 2.659.300 $ |

| ИСХОД 4: ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ | |
|---|---|
| Соодветен исход: | До 2025 година, луѓето во Северна Македонија ќе имаат полза од подобреното владеење на правото; политики засновани врз докази, антиципативни и родово одговорни политики; поголема социјална кохезија; и ефективна испорака на услуги од транспарентни, одговорни и одговорни институции. |
| Ентитетот на Обединетите нации што претседава: | УНХЦР |
| Членови на групата за резултати: | УНДП, UN Women, УНХЦР, ИОМ, УНОДЦ, УНИЦЕФ, УНФПА, ОХЦХР, УНОПС, УНЕСКО |
| Национални партнери: | Кабинетот на премиерот, МВР, МТСП, МНР, МИОА, Министерство за култура, Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа, Министерство за финансии, Биро за регионален развој, Државен завод за ревизија, Управа за Јавни приходи, Агенција за млади и спорт, Народна банка, Државен завод за статистика, Академија на судии и обвинители, Народен правобранител, Национално координативно тело за недискриминација, НИЧП, МНР – Национален механизам за известување и следење, ОПД, Меѓуресорска РГ за усвојување на миграциска политика, Собрание, Адвокатска комора, МЗМП, МП, СФА, судство, МВР, Јавно обвинителство, Обвинителство за организиран криминал и корупција, Царинска управа, СЦО, ИНТЕРПОЛ, Царинска агенција; Национална комисија за УНЕСКО, Здружение на финансиски службеници (ЗФС), Здружение на единици на локална самоуправа, Мрежа на здруженија на локални власти на ЈИЕ Европа, единици на локална самоуправа, Национален совет за родова еднаквост, Акција Здруженска, други граѓански организации и академската заедница |
| Времетраење на работниот план: | 1 година |
| Предвидени датуми за почеток/ крај: | 1 јануари 2023 – 31 декември 2023 |

## РЕЗИМЕ НА АКТИВНОСТИ ЗА 2023 ГОДИНА

*(за детални активности на ентитетите на ОН според овој исход, погледнете ја приложената Excel датотека)*

ОН во Северна Македонија работи на создавање на ефективни, одговорни и инклузивни институции во сите гранки и нивоа на власт и на промовирање и заштита на човековите права за сите, со фокус на луѓето кои се запоставени или се изложени на ризик да останат запоставени, вклучувајќи жени, деца, млади коишто не се вклучени во образованието, вработувањето или обуката (НЕЕТ), лица со попреченост, Роми и други етнички заедници, бегалци, баратели на азил, мигранти, внатрешно раселени лица (ВРЛ) и лица без државјанство, ЛГБТИ лица, луѓе во рурални средини и постари лица.

Во текот на 2023 година, ОН ќе продолжат да го зајакнуваат партнерството и капацитетите на Владата и сите други засегнати страни, за да се забрза напредокот во политичките, законодавните и институционалните реформи коишто го унапредуваат доброто владеење и владеењето на правото. Пристапот на целата Влада и целото општество ќе продолжи да биде вграден во клучните национални стратешки процеси – Националната развојна стратегија која ја поставува развојната траекторија за следните 20 години, преговорите за пристапување во ЕУ и постигнувањето на ЦОР.

ОН и понатаму ќе го поддржуваат развојот на политики и закони во согласност со меѓународните стандарди за човекови права и правото на ЕУ. Клучните области ги опфаќаат фундаменталните права, недискриминацијата, родовата еднаквост, управувањето со миграцијата, правосудниот сектор и правда за децата, враќањето на имотот и борбата против корупцијата и транснационалниот организиран криминал (како што се трговијата со луѓе, криумчарењето мигранти, незаконското финансирање тероризам, огненото оружје и дигиталните сексуални злосторства).

Капацитетите за спроведување што ги поседуваат централната и локалната власт, судството, органите за спроведување на законот и другите независни институции ќе се зајакнат за да се обезбеди напредно и инклузивно креирање политики засновано врз докази, поткрепено со доволно распределени буџетски средства за ефективно функционирање. Дополнително, ќе се зајакнат националните капацитети за пристапување во ЕУ, особено во однос на процесот на приближување (NPPA), транспонирањето на *acquis* за родова еднаквост и преговарачките вештини на Парламентот и Владата.

ОН и понатаму ќе вложуваат во зголемена транспарентност и отчетност на јавната потрошувачка, што е од централно значење за доброто владеење. Ќе се подобри анализата на јавните расходи и следењето на правдата за децата и основното и средното образование. Ќе се зајакне јавниот надзор на родово одговорното буџетирање и новата родова машинерија, заедно со системските мерки за подобрување на фискалната транспарентност и отчетноста на централната и локалната власт. Обезедувањето услуги ќе стане поодговорно кон потребите на исклучените групи и кон нивните социјални и економски ранливости, со што ќе се подобри квалитетот на нивниот живот. Иновативните и дигиталните решенија, посилната меѓусекторска и меѓуинституционална соработка, грантовите од заедницата за граѓански организации на локално ниво и иницијативите за млади и жени, како и јасните индикатори за мерење и демонстрација на напредокот, ќе имаат за цел да ја вратат довербата на јавноста во системот на владеење.

Преку акции за заемно зајакнување ќе се промовираат општествената кохезија и почитувањето на различностите, вклучувајќи поддршка за општинските младински совети, платформи за младински дијалог со креаторите на политиките; спречување поделби, говор на омраза и токсична машкост и родови стереотипи кај младите луѓе од различен идентитет и потекло. Ќе се промовира интеракцијата и соработката помеѓу јавните медиуми и локалните младински медиумски мрежи и младинското влијание. ОН ќе работат на обуката на новинари и ќе поддржуваат јавни настани и медиумски содржини кои ќе поттикнат општествени промени и позитивни наративи за ранливите групи и лицата кои се изложени на ризикот да бидат запоставени, за нивната интеграција и придонес во општеството.

Ќе продолжи да се промовира значајното учество на граѓанското општество, различните заедници, исклучените групи и луѓето кои биле запоставени, како и нетрадиционалните партнери во процесите на донесување одлуки. Системски ќе се поттикнува ангажманот на младите, адолесцентите, жените, лицата со попреченост, невидливите лица и другите кои живеат на маргините на општеството. Луѓето кои се најзапоставени ќе добијат поттик да бараат заштита, правда и бесплатна правна помош, особено оние во хуманитарен контекст. Искоренувањето на бездржавјанството и создавањето комплементарни патишта за интеграција на бегалците, мигрантите и другите групи се составен дел од напорите за поодржлив, праведен и правичен развој.

| | | |
|---|---|---|
| **Вкупен проценет буџет (во американски долари):*** | | **11.227.565 $** |
| **** Вкупниот проценет буџет ги вклучува и директните програмски трошоци и индиректните трошоци за поддршка.*** | | |
| **Од кои: Финансирани** | | 10.816.632 $ |
| Нефинансирани | | 410.933 $ |
| | | Проценет буџет по исход (во американски долари) |
| По исход: | Исход 4.1. | 4.328.748 $ |
| | Исход 4.2. | 3.898.828 $ |
| | Исход 4.3. | 1.681.153 $ |
| | Исход 4.4. | 1.078.836 $ |
| | Исход 4.5. | 240.000 $ |